# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
**на**
**Општина Ранковце**

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Ранковце Издавач:Општина Ранковце излегува по потреба | Година XXIV број 2 22 Февруари 2023 годинаРанковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за доделување на финансиски средства за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија**

1.Се прогласува Одлуката за доделување на финансиски средства за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија, донесена на 20-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 21.02.2023 година.

2.Одлуката за доделување на финансиски средства за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-223/1**
**22.02.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на седница одржана на ден 21. 02. 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

**За доделување на финансиски средства за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Ранковце, доделува финансиски сретства во износ од 50.000,00 денари, за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ранковце бр. 09-1386/10 од 28.12.2022- Програма АО-Совет расходно конто 412

постојани резерви и истите ќе бидат уплатени на сметка на Фондот на солидарноста на Црвен крст на РСМ - 300000001327966 даночен број: 4030984271620 АД Комерцијална банка, со назнака: „Помош за населението во Турција и Сирија“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр. 09-202/2**
**21.02.2023 г**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска с.р**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Заклучок за прогласување на Одлуката за доделување на финансиски средства за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија;
2. Одлука за доделување на финансиски средства за помош и солидарна подршка за погоденото население од земјотресот во Турција и Сирија;

________________________________/________________________________________